МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Број 10 Година XVI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, мај 2022

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Решение за утврдување на престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „ Петар Поп Арсов ”, Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решението за утврдување на престанок на мандатот на директор на основното општинско училиште „Петар Поп Арсов“-Општина Карпош, Скопје бр.11-4694/1 од 31.05.2022 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4695/1**
**Датум: 31.05.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-4694/1
Датум: 31.05.2022 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во согласност со член 109, став 1 и став 6 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ

**за утврдување на престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „ Петар Поп Арсов ”, Општина Карпош – Скопје**

1. Со ова решение се утврдува престанок на мандатот на **ТАТИЈАНА САВЕСКА** директор на основно општинско училиште „Петар Поп Арсов“– Општина Карпош – Скопје, поради истек на времето за кое што е именувана, заклучно со **13.06.2022** година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил: Лилјана Шавкулоска

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

**Доставено до:**
- ООУ „Петар Поп Арсов“ ,
- Именуваната,
- Сектор за дејности од јавен интерес и
- Архива.

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Решение за именување вршител на должноста на директор во основно општинско училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решението за именување вршител на должноста на директор во основното општинскот училиште „Петар Поп Арсов“ – Општина Карпош, Скопје бр.11-4694/2 од 31.05.2022 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4695/2**
**Датум: 31.05.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-4694/2
Датум: 31.05.2022 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во согласност со член 118, став 1, став 4 и став 5 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
**за именување вршител на должноста на директор во основно општинско училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош - Скопје**

1. Со ова решение за вршител на должноста на директор во основно општинско училиште „Петар Поп Арсов“– Општина Карпош – Скопје, се именува лицето ДАНИЕЛА ШТЕРЈОВА.
2. Функцијата вршител на должноста на директор именуваната од точка 1 на ова Решение ќе ја врши сметано од 14.06.2022 година, а до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Доставено до:
- ООУ „Петар Поп Арсов“ ,
- Именуваната,
- Сектор за дејности од јавен интерес и
- Архива.

С О Д Р Ж И Н А

1. Решение за утврдување на престанок на мандатот на директор на основното општинско училиште „Петар Поп Арсов“ – Општина Карпош – Скопје, со Заклучок за објавување и

2. Решение за именување вршител на должноста на директор во основното општинско училиште „Петар Поп Арсов“ – Општина Карпош, Скопје, со Заклучок за објавување.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци